АФПЗРР

*Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој*
*Контроли и направени ревизии*

## Сектор за контрола на терен

### Контроли на самото место (од Декември 2024 - тековно)

### Контроли на терен – пред одобрување

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Декември 2024 година изврши вкупно 31 контроли на терен пред одобрување на проекти, кај инвестиции од јавен повик 23/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 1) како и јавен повик 24/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 3) и јавен повик 24/02 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 7). Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.

| Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 1) | |
|---|---|
| 15 КСМ | |
| Јавен повик 24/01 (ИПАРД 3) (Мерка 3) | |
| 11 КСМ | |
| Јавен повик 24/02 (ИПАРД 3) (Мерка 7) | |
| 5 КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 31 КСМ |

### Контроли на терен – пред исплата

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Декември 2024 година изврши вкупно 131 контроли на терен пред исплата, кај инвестиции од јавен повик 23/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 1 и Мерка 7). Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.

| Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 1) | |
|---|---|
| 120 КСМ | |
| Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 7) | |
| 11КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 131 КСМ |

### Контроли на терен – после исплата

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Декември 2024 изврши вкупно 465 контроли на терен после исплата кај инвестиции од ИПАРД програмата 2014-2020.

АФПЗРР

*Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој*
*Контроли и направени ревизии*

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР спроведе и дополнителни контроли за следење на препораки од ревизии.
Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по мерки

| Контроли после исплата (ИПАРД 2014-2020) | |
|---|---|
| Мерка | Број на контроли по мерка |
| 1 | 392 КСМ редовни контроли<br>73 контроли од јавен повик 17/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>224 контроли од јавен повик 18/02 ИПАРД 2 2014-2020<br>94 контроли од јавен повик 20/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>1 контроли од јавен повик 23/01 ИПАРД 2 2014-2020 |
| 3 | 35 КСМ редовни контроли<br>7 контроли од јавен повик 17/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>12 контроли од јавен повик 18/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>14 контроли од јавен повик 19/02 ИПАРД 2 2014-2020<br>2 контроли од јавен повик 22/01 ИПАРД 2 2014-2020 |
| 7 | 38 КСМ редовни контроли<br>8 контроли од јавен повик 17/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>21 контроли од јавен повик 19/01 ИПАРД 2 2014-2020<br>9 контроли од јавен повик 21/01 ИПАРД 2 2014-2020 |
| Вкупен број на контроли | 465 КСМ |

## Контрола на терен – за скриени работи

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Декември 2024 година изврши вкупно 11 контроли на самото место за скриени работи кај инвестиции од јавен повик 23/01 ИПАРД програма 2021-2027 (Мерка 1 и Мерка 7)

| Јавен повик 23/01 (ИПАРД 1) (Мерка 1 и 7) | |
|---|---|
| 11 контроли за скриени работи<br>1 контрола за Мерка 1<br>10 контроли за Мерка 7 | |
| Вкупен број на контроли | 11 КСМ |

Секторот за контрола на терен изврши и 2 дополнителни контроли пред одобрување и една дополнителна контрола после исплата

## Најчести неусогласености утврдени при извршување контроли на самото место

Како најчести неусогласености, односно разлики или наоди утврдени при контролите на самото место во периодот од Декември 2024 до сега се следниве:

Пред одобрување:

- Не се констатирани поголеми проблеми при извршување на контролите пред одобрување – Мерка 3 јавен повик 24/01, Мерка 1 и Мерка 7 од Јавен повик 23/01 и Мерка 7 од Јавен повик 24/02.

## Пред исплата:

- разлики во технички карактеристики на набавената опрема помеѓу договор, фактура и контрола на лице место и најчеста причина за овие разлики се од технички причини односно грешки направени при издавање на потребна документација за опремата од страна на добавувачот/производителот;
- отсуство на одредени податоци да бидат видно означени на самата опрема (година на производство, земја на потекло, сериски број, модел), а во одредени случаи не постоење на никакви ознаки (опрема и механизација без плочки со технички податоци - најчесто кај механизација и опрема од домашно производство);
- нефункционалност на дел или на целата опрема (опрема која при контролата е утврдена дека не е во функционална состојба односно дека е расклопена во делови или не приклучена на електрична енергија или со одреден дефект) и во такви случаи се дава одреден рок истата да се стави во функција и повторно се врши контрола (сите корисници кај кои беше утврдена ваква состојба опремата ја ставија во функција); оваа појава е кај инвестиции од јавен повик 23/01 од ИПАРД 2 2014-2024 Мерка 3 поради краткиот рок за реализација на инвестицијата.

## Контрола после исплата:

- При извршување на овие контроли не се утврдени поголеми отстапувања. Сите корисници ја чуваат опремата/механизацијата, истата се користи согласно предвидената намена и истата е означена согласно договорот.
- По наоди од ревизија од страна на Ревизорско Тело, извршени се контроли после исплата со цел да се утврди функционалност на инвестицијата или дел од инвестицијата кој што при ревизијата не бил во употреба. Вообичаено во вакви ситуации се контактираат корисниците се дава одреден период да се стави во функција инвестицијата и се излегува на лице место. Покрај утврдување на функционалноста на инвестицијата се врши регуларна контрола после исплата на целата инвестиција.
- Кај еден предмет се направени измени на инвестицијата т.е. отстранет дел од насад заедно со опремата во функција на насадот.
- Еден случај на позајмување на опрема помеѓу корисници.

АФПЗРР

*Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој*
*Контроли и направени ревизии*

## Сектор за внатрешна ревизија

Секторот за внатрешна ревизија од почетокот на 2025 година ги спроведува последните две ревзиии од Годишниот план за 2024 година и тоа:

- “Ревизијата за процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 3 од ИПАРД Програмата 2014-2020” во текот на месец април издаде финален извештај.
- “Ревизија на процесот на одобрување на исплати од ИПАРД Програмата 2014-2020” е во тек и до крајот на месец мај треба да се заврши.

Од почетокот на годината во Секторот за внатрешна ревизија се 3 вработени поради тоа што еден вработен е на породилно отсуство. Во текот на месец март еден советник од одделението за јавни набавки беше распределен во Секторот за внатрешна ревизија.

Во Годишниот план за 2025 година планирани се 6 ревизии и тоа:

1. Ревизија на следење на препораките
2. Ревизија на процесот на одобрување на проекти и скучување на договори од мерка 1 од ИПАРД Програмата 2021-2027
3. Ревизија на процесот на одобрување на проекти и склучување на договори од мерка 7 од ИПАРД Програмата 2021-2027
4. Ревизија на процесот на јавни набавки
5. Ревизија на процесот на евидентирање на обврските
6. Ревизија по барање на Директор

Ревизиите кои се однесуваат на јавните набавки и евидентирање на обврските се по барање на Секторот за јавна внатрешна финсиска контрола во Министерство за финансии.